Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 14 - 113/1
03.03 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Образец бр. 3

ОБРАЗЕЦ ЗА НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ

| | |
|---|---|
| Установа/Корисник | НУ Природонаучен музеј на Р.С. Македонија - Скопје |
| Име и презиме на раководното лице | в.д. Д-р Весна Сидоровска |
| Име и презиме на носителот на проектот | Лилјана Стефановска |

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | **"Едукација на деца од предучилишна и училишна возраст за флора, фауна и геа" за 2020 година** |
| Договор (број) | Бр. 31 – 3887/1 од 17.03.2020 год. |

| | |
|---|---|
| Вид на проектот[1] | Природонаука (популаризација и промоција на природното наследство) |
| Место на реализација на проектот | Скопје, Природонаучен Музеј |
| Општина | Карпош |
| ЕМБ на доброто | |
| Културна припадност/датација | |
| Катастарски податоци[2] | |
| Географски координати[3] | |

| Статус на заштита | Матичен/регистарски број |
|---|---|
| Евидентирано добро | |
| Заштитено добро | |

| | |
|---|---|
| Број на ангажирани лица за реализација на проектот[4] | 4 |
| Стручен тим | |
| Вработени | Лилјана Стефановска, едукатор<br>М-р Решат Зекири, виш кустос<br>Наташа Стефановска, кустос<br>Билјана Карамачоска. кустос |
| Надворешни соработници | |

| | |
|---|---|
| Дозвола/Конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство (број и датум) | |

| Обем на реализација на проектот |
|---|
| |

[1] Треба да се наведе дали се работи за истражување од областа на археологијата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата, природонауката; валоризација/ревалоризација непосредна заштита; тековно одржување; промоција и полуларизација на културното наследство; мерки за заштита на нематеријалното културно наследство; издавачка дејност; збогатување на книжен фонд, откуп на музејски материјал, набавка на библиотечен материјал, дигитализација на културното наследство; професионална едукација во библиотечната дејност; членарина на Инфомацискиот систем COBISS.MK; одржување и набавка на компјутерска и друга опрема за COBISS.MK; стручна обработка на публикации, работилници и друго.

[2] Се однесува на заштита на недвижно културно наследство.

[3] Се однесува на заштита на недвижно културно наследство.

[4] Да се именуваат членовите на тимот и нивните работни задачи.

| Опис на реализација на проект |
| --- |

Одделението за Едукација во рамките на својата просветно-педагошка дејност со поддршка на Министерството за култура, континуирано повеќе години реализира проекти за едукација на децата од предучилишна и училишна возраст за растенијата, животните, фосилите, минералите и карпите присутни кај нас. Проектот се реализира преку организирање на теоретски едукативни предавања како и музејски работилници кои обработуваат различни теми од областа на природата наменети за дечињата од предучилишна возраст и за учениците од основно и средно образование.

Во текот на месеците јануари и февруари 2020 година, беа реализирани музејски работилници на тема минерали и карпи во соработка со кустосот од Одделението за геологија со палеонтологија , Билјана Карамачоска и тоа:

- со 44 ученици од ОУ "Кочо Рацин" од Скопје (второ одделение)
- четири музејски работилници со 52 ученика од ОУ "Мирче Ацев" од Скопје (второ одделение) и
- четири музејски работилници со 77 ученици од ОУ "Ј.Х.Песталоци" од Скопје (второ одделение)

Покрај овие едукативни активности со учениците од основно образование, во текот на месец декември 2019 година, започнаа активности со дечињата од предучилишна возраст од ЈУГД" Орце Николов" од Скопје, притоа се реализираа вкупно шест музејски работилници со 63 дечиња кои работеа на темите инсекти и праисториски животни. Активностите со овие дечиња се одвиваа до крајот на месец февруари 2020 година. Во рамки на овој Проект, беа планирани уште 4 до 5 музејски работилници и со најмалата група дечиња, кои требаше да започнат на почетокот на месец март. Сите активности согласно договорената динамика, беше предвидено да финишираат во текот на месец мај со завршните изложби и презентации на наученото и сработеното од страна на дечињата, кои вообичаено се одржуваат во просториите на Музејот.

За жал, заради состојбата со Ковид 19, затворањето на градинките и училиштата, сите натамошни активности беа прекинати.

За Проектот "Едукација на деца од предучилишна и училишна возраст за флора, фауна и геа" за 2020 година вкупно беа одобрени 80.000 денари.

**Од првиот дел од средствата (50%) односно 40.000 денари, за потребите на Одделението за Едукација, беа реализирани следните ставки:**

- набавка на канцелариски материјали 4.979 денари
- набавка на тонери ( 5 ) парчиња 2.700 денари
- набавка на тонери (кертрици) за печатар во боја (12) парчиња 16.680 денари
- ( black, cyan, magenta, yellow)
- печатење постер ( 100 примероци) 5.971денари

**вкупно реализирани: 30.330 денари**
**нереализирани од 50% : 9.670 денари**

Согласно Проектот, дел од средствата беа предвидени за печатење на едукативен постер за чија подготовка и печатење беа искористени дел од средствата кои останаа нереализирани од првиот дел (50%), кои Министерството за култура ги одобри за реализација на овој Проект. Печатењето на плакатот се реализира преку постапка за јавна набавка на која беше избрана печатницата “Теди Трејд” КОМ ДОО Експорт-Импорт Скопје, која понуди најниска цена. За печатење на 100 примероци едукативен постер беа потрошени 5.971 ден.

**ОПИС НА ЕДУКАТИВНИОТ ПОСТЕР**

**технички карактеристики**:

- формат Б2 (50x 70 cm)
- печат 4/0
- хартија мин.170 гр. кунзрук
- пластификат на една страна
- техничка подготовка, дизајн
- метални лајсни на горна и долна страна
- тираж 100 примероци (50 примероци на македонски јазик и 50 примероци на албански јазик)

**содржина :**

- наслов **“БЕЗРБЕТНИЦИ” (11 фотографии од безрбетници)**
- сунѓери: 1 фотографија
- мекотели: 1 фотографија од полжав и 1 фотографија од школка
- прстенести црви: 1 фотографија од дождовен црв
- членконоги: 1 фотографија од скорпија, 3 фотографии од пајаци, 2 фотографии од ракови и 1 фотографија од сколопендра.

За подготовка на постерот користени се фотографии на безрбетници од богатата фотодокументација направена како резултат на долгогодишната научно-истражувачка работа на Одделението за Инвертебрата.
Плакатот се изработи во соработка со кустосот од Одделението за Инвертебрата, Наташа Стефановска (автор на концептот на постерот) и м-р Решат Зекири, виш кустос од Одделението за Ентомологија. Овој едукативен плакат пред сé е наменет за учениците од основно образование.

Целта за изработка на ваков постер е истиот да послужи како нагледно средство при совладување на наставните содржини по предметот Биологија за основно образование како и нагледно средство за реализација на музејските работилници кои ги работи Одделението за Едукација, а кои се однесуваат на наставни теми поврзани со групата безрбетници.

Избор од релевантна техничка и фотодокументација

| Заклучни согледувања и прилози |
| --- |
| **Останатиот дел од вкупната сума одобрени средства (80.000 денари) согласно Проектот, беа предвидени за теренски активности, хотелско сместување за три лица, гориво, патарини и трошкови за поштенски услуги. Од објективни причини имајќи предвид состојбата со Ковид 19 како и краткиот период за реализација, раководителот на Проектот одлучи да се откаже од вториот дел од средствата предвидени за наведените активности, од причина што нема да биде во можност истите да ги реализира .** |

ЗАБЕЛЕШКИ!
Полињата во табелата се флексибилни и се приспособуваат во зависност од обемот на текстот.
Образецот го пополнува раководителот на проектот

Подготви,
дипл.биолог Лилјана Стефановска

Име, презиме и потпис

Раководно лице,
в.д. Д-р Весна Сидоровска

Име, презиме и потпис